# ОБРАЗОВЕН ПРОФИЛ

Струка: Машинска
Назив на образовниот профил автомеханичар специјалист
Степен на стручна подготовка: V
Занимање: автомеханичар специјалист

## ОПИС НА ОБРАЗОВНИОТ ПРОФИЛ

### 1. Преглед на работите и работните задачи:

- сложена поправка и монтажа на возилата, преглед на функци
онирањето и утврдувањето на неисправностите кај моторот
другите уреди на возилото - менувач, спојници, амортизери
опони, полуоски, диференцијал и др., демонтирање, преглед
на склоповите и потсклоповите, отстранување на утврдените
недостатоци, сервисирање според сервисната листа, монтира
на деловите и склоповите, контрола на исправноста по монт
жата, доторување на работата на моторот на оптимални усл
водење на документација за извршените работи на возилото,
одржување на средствата за работа, задание на стенато, рас
доделување на работите и контрола, водење на документација за
причините кои доведоле до неисправностите, за унапредување
мерките за одржување на возилата, грижа за разорените дел
и материјали, обука на механичари за одржување на моторни
возила, постојана комуникација со претпоставените и потчине
и комуницирање со средни училишни центри.

### 2. Средства за работа:

- специјален и универзален алат за механичарството
- клешти( тркалезни, плоснати, комбинирани, паралелни, патен
клешти, клешти за задење и монтирање на вентилите, клешти
за клипни пръстени) , клучеви ( моментни, чатаести, ѕвез-
дести, француски), микрометар, компаратор, плоче за рамнење
бургии, развртувачи, алат за пробивање, турпии,спастувачи,
контролници за плазници, рачна дупчалка,брусилка,глодалка,
мото тестер за ото и дизел мотор, уред за испитување на сп
на моторот, уред за испитување и штелување на разводникот,
брусилки, дупчалки, воздушни пиштоли за продувување.

### 3. Материјал за работа:

- метали, легури, неметали (пластика, гума), мазива, течни
горива, средства за чистење, лични заштитни средства, доку
ментација за возилата.

4. Услови и барања на работата:

- работата, главно се одвива во затворени простори (механичарска работилница), а поретко на отворен простор (неисправно возило на пат при отстранување на дефекти, од помала техничка природа). Работилницата треба да се проветрува поради издувните гасови и бензинското испарување, да има добро осветлување и нормална температура. При надворешни интервенции работникот е изложен на ризици и повреди предизвикани од [illegible], временски непогоди (ветер, дожд, снег и др.) и примена на несоодветен алат;

- од работникот се бара максимална совесност во работењето, концентрација, ментална и физичка способност, добар вид, слух, осет за мирис, вешти раце и прсти, систематичност, истрајност и способност за добра организација;

- работникот е должен во текот на работата да користи заштитни комбинезони и ракавици.

Контраиндикации: повредени прсти, заболеност на бубрезите и рбетниот столб.

5. Потребни знаења, умеења и навики:

- заради правилно, навремено и квалитетно извршување на поставените задачи, автомеханичарот специјалист треба да има предзнаење за работа и манипулација со сите претходно наведени средства за работа, прибори и алат, мерен и контролен алат;

- познавање од техничкото цртање, машинските елементи, машинските материјали, видовите мотори со внатрешно согорување, моторните возила и уредите на возилата (функција и одржување);

- способност за самостојно донесување на одлуки и решенија и умеење за брзо, јасно и едноставно примање и давање информации во врска со работните задачи, да биде упорен и истраен, лесно да ги уочува грешките и недостатоците, на адекватен начин да ги отстранува, комуникативен, прифатлив за средината.

6. Услови за вклучување во образовниот профил:

- За вклучување во образовниот профил во V степен на стручна подготовка, потребно е кандидатот да има завршено III или IV степен и соодветно работно искуство од 2 до 5 години. Ако во образовниот профил се вклучува автомеханичар од III степен, потребно е работно искуство од 3 години а од IV степен 2 години. Ако се вклучува кандидат од трет степен од друг образовен профил од машинската струка, потребно е соодветно работно искуство од 4 години а од IV степен 3 години. Ако се вклучува друг образовен профил од друга техничка струка, треба да има работно искуство од 5 години за III степен и 4 години за IV степен.

7. Образовен профил: автомеханичар специјалист
Занимање: автомеханичар специјалист

| Ред. бр. | Наставни предмети | Вкупно часови |
|---|---|---|
| 1. | Педагошко водење и инструирање | 6o |
| 2. | Психологија на трудот | 6o |
| 3. | Организација на производството | 9o |
| 4. | Електротехника и електроника | 7o |
| 5. | Мерење и стандардизација | 5o |
| 6. | Енергетски машини и постројки | 1oo |
| 7. | **Мотори** со анатоешно сопоружение | 13o |
| 8. | Моторни возила | 7o |
| 9. | Специјалистичка практика | 3oo |
| | ВКУПНО ЧАСОВИ | 93o |

8. Образовен профил: бравар-механичар за возни средства специјалист
Занимање: механичар специјалист за уреди и механизми на шински возила

| Ред. бр. | Наставни предмети | Вкупно часови |
|---|---|---|
| 1. | Педагошко водење и инструирање | 6o |
| 2. | Психологија на трудот | 6o |
| 3. | Организација на производството | 9o |
| 4. | Електротехника и електроника | 7o |
| 5. | Мерење и стандардизација | 5o |
| 6. | Машини, алати и прибор | 1oo |
| 7. | Возни средства на ЈЖ | 15o |
| 8. | Специјалистичка практика | 28o |
| | ВКУПНО ЧАСОВИ | 89o |